# ЗАЕДНИЧКИ ЗАКЛУЧОК

## Регионална конференција за превенција на присилни бракови

**Скопје, Северна Македонија | 10–12 септември 2025**

Повтори по мене:
**ЈАС НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ НА ПРИСИЛЕН БРАК**

LASTRADA
ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

# ЗАЕДНИЧКИ ЗАКЛУЧОК

Повтори по мене:
ЈАС НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ НА ПРИСИЛЕН БРАК

**Регионална конференција за превенција на присилни бракови**
**Скопје, Северна Македонија | 10–12 септември 2025**

Ние, учесниците на Регионалната конференција за присилни бракови, собрани во Скопје од 10 до 12 септември 2025 година – вклучувајќи претставници на влади, граѓански организации, застапници на жртвите, меѓународни институции, академската заедница и донаторски партнери од Западен Балкан и Европа – ја изразуваме нашата заедничка решителност да ги спречиме и да се бориме против присилните и детските бракови во сите нивни форми, вклучително и трговијата со луѓе заради експлоатација преку присилен брак.

Присилните и детските бракови се една од најскриените, но и најразорните форми на експлоатација. Тие им ја одземаат слободата, образованието, здравјето и иднината на жените и девојчињата, но и на момчињата и другите ранливи групи. Ова не е културна практика која треба да се толерира, туку сериозно кршење на човековите права и, во многу случаи, форма на трговија со луѓе и родово базирано насилство. Жртвите се подложени на принуда, измама, економски притисок или директно насилство, со последици кои траат цел живот, вклучувајќи рана бременост, социјална исклученост и психолошка траума. Во Северна Македонија и низ регионот, анализите на Отворена порта/Ла Страда покажуваат дека многу случаи остануваат непријавени, нормализирани како „традиција“ и несоодветно третирани.

На европско ниво се постигнати важни правни напредоци. Директивата на ЕУ за борба против трговија со луѓе (2024) го препознава присилниот брак како можна форма на трговија со луѓе, додека Директивата на ЕУ за борба против насилството врз жените (2024) бара од сите земји-членки на ЕУ да го криминализираат присилниот брак и да обезбедат сеопфатна поддршка за жртвите. Понатаму, Истанбулската конвенција на Советот на Европа (2011) ги обврзува државите да го спречуваат и криминализираат присилниот брак. Сепак, и покрај овие заложби, имплементацијата останува нееднаква. Законите сами по себе не се доволни. Без политичка волја, ефективно спроведување и услуги насочени кон жртвите, тие и понатаму остануваат незаштитени.

Во текот на трите дена дискусии, сведоштва и работни групи, учесниците идентификуваа заеднички предизвици. Во многу земји, присилниот брак сè уште не е криминализиран како посебно кривично дело, а правните празнини дозволуваат брак под 18 години со одобрение од суд. Дури и кога постои соодветна правна рамка за справување со криминалот, случаите остануваат недоволно истражени и ретко процесуирани. Институционалните одговори често се слаби, потпирајќи се во голема мера на сведочењето на жртвата без прибирање други форми на докази, додека координацијата меѓу институциите останува неконзистентна. Како резултат на тоа, оние кои се погодени од практиките на присилен брак често се оставени без соодветна поддршка и се соочуваат со тешкотии во остварувањето на своите права и добивањето правда; има премалку засолништа, ограничени услуги за реинтеграција и многу малку можности за вклучување на погодените групи во креирањето политики. Напорите за превенција остануваат ретки. Во меѓувреме, прекуграничните присилни бракови и поврзаната експлоатација продолжуваат да претставуваат сериозни закани, но исто така и прекуграничните системи за упатување и регионалната соработка остануваат слаби. Недостигаат и сигурни и разглобени податоци за застапеноста и исходот на присилните бракови.

Учесниците ја нагласија важноста да се обезбеди јасност дека присилниот брак е кривично дело само по себе, бидејќи ги крши детските права и човечкото достоинство. Истовремено, тој мора да се перципира и третира како форма на експлоатација или средство за овозможување експлоатација и трговија со луѓе.

Сепак, најтврдокорниот и длабоко вкоренет фактор што беше идентификуван е патријархалниот систем кој тежнее да ги контролира телата и животите на девојчињата, жените и другите. Овој систем станува уште поцврст во време на криза, како што се економски тешкотии, конфликти или раселување, кога семејствата и заедниците често се враќаат на таканаречените традиционални практики за социјален и финансиски опстанок.

Врз основа на ова, се обврзуваме на итна акција. Меѓународните правни инструменти треба да бидат соодветно имплементирани и повикуваме на правни реформи кои ќе обезбедат присилниот брак да биде криминализиран како посебно кривично дело и сите бракови под 18-годишна возраст да бидат забранети без исклучоци. Националните рамки мора да се усогласат со стандардите на ЕУ и Советот на Европа, препознавајќи го присилниот брак и како кршење на човековите права и, во многу случаи, како форма на трговија со луѓе.

Во случаите каде што граѓанското право и верското или обичајното право се во судир, човековите права мора да преовладуваат. Дозволувањето исклучоци ја поткопува заштитата и создава опасни правни празнини.

Системите за регистрација на раѓање и брак мора да се зајакнат и да бидат универзално достапни за да се спречат неформални или неевидентирани заедници кои ги изложуваат децата на ризик. Дигитализацијата треба да биде инклузивна за да се избегне оставање на лица без документи и без заштита. Мора да се воспостават механизми насочени кон жртвите за поништување на присилните бракови и истите да бидат достапни, бидејќи постоечките процедури често се премногу рестриктивни и ретрауматизирачки.

Правните реформи мора да бидат проследени со практична имплементација. Ова бара бесплатна правна помош, доволно финансирање и координиран мултисекторски пристап кој ги опфаќа системите за здравство, образование, правда и социјална заштита.

Напорите за превенција мора да се зајакнат преку решавање на основните причини како што се сиромаштијата и предвременото напуштање на училиштето, истовремено ангажирајќи ги училиштата, родителите, лидерите на заедниците, верските власти и дијаспората за да се спротивстават на штетните норми. Понатаму, јавната свест мора генерално да се унапреди и прошири преку кампањи кои обезбедуваат моќни платформи за превенција и зајакнување. Националните СОС линии мора да се зајакнат и промовираат како безбедни, доверливи и достапни влезни точки за жртвите и оние кои се во ризик.

Истовремено, заштитата и поддршката за преживеаните мора да бидат ставени во срцта на сите одговори. Жртвите мора да имаат пристап до безбедни засолништа, психосоцијална и правна помош, можности за образование и вработување, како и долгорочни програми за реинтеграција. Заштитата не смее да заврши во моментот на бегството, туку мора да продолжи сè додека преживеаните не ја повратат својата автономија и достоинство. Подеднакво важно, преживеаните не треба да останат пасивни корисници; нивните гласови и преживеани искуства мора да бидат институционализирани како дел од процесите на одлучување и советување.

За да се обезбедат ефективни одговори, професионалците од првата линија, вклучувајќи наставници, социјални работници, полицајци, обвинители и

здравствени работници, мора да поминат обука за откривање и реагирање на случаи, поддржани од задолжителни меѓуинституционални протоколи и специјализирани истражни тимови. Посилна соработка меѓу граѓанското општество и државните институции е неопходна за да се гарантираат брзи и координирани интервенции. На регионално ниво, земјите мора да развијат ефективни прекугранични системи за упатување, да разменуваат податоци и судска практика, и да работат заедно за заштита на жртвите кои се однесени или тргувани во странство под превезот на брак.

Подеднакво суштинска е потребата од робусно прибирање податоци и мониторинг. Владите и институциите треба да развијат системи за прибирање разглобени податоци за застапеноста, факторите на ризик и исходот на присилните бракови, истовремено обезбедувајќи дека законите и политиките правилно се спроведуваат и евалуираат. Градењето капацитети и родово сензитивниот мониторинг се од суштинско значење за да се осигури дека човековите права остануваат водечки принцип на сите интервенции.

И последно, но не и помалку важно, владите мора да обезбедат доволно финансиски средства за поддршка на овие приоритетни акции.

Проектот „Подобрување на превенцијата и грижата за жртвите на присилни бракови“, имплементиран од Отворена Порта/Ла Страда со поддршка од Министерството за Европа и надворешни работи на Франција (FEF-R), го третира присилниот брак како родово базирана форма на трговија со луѓе, со цел да се спречи и намали неговата појава преку продлабочување на разбирањето на структурните причини и последици, подигнување на свесноста и развивање препораки засновани на докази кои придонесуваат за ефективни национални политики и конкретни интервенции. Врз основа на Анализата за присилни бракови, изготвена од сведоштва на лица со животно искуство и консултации со национални чинители, проектот разви и сподели практични препораки за подобра идентификација, заштита и поддршка на жртвите. Јавната свесност и ангажманот во заедницата беа зајакнати преку кампањата „Јас НЕ се согласувам на присилен брак“, додека регионалната соработка беше унапредена преку Регионалната конференција за превенција на присилни бракови. Како резултат, проектот го унапреди политичкиот дијалог заснован на докази, го подобри препознавањето на присилниот брак, вклучително и како трговија со луѓе и родово базирано насилство, и придонесе за покоординирани превентивни мерки насочени кон преживеаните.